# Карпош ИН

**Ноември/Декември 2018** | Бр. 68/69 | Година 9



**ЗАТВОРЕНА**
ДИВАТА ДЕПОНИЈА
КАЈ „ГАЗЕЛА“

ШТО ГИ МАЧЕШЕ И
**ШТО ПОСАКУВАА**
**КАРПОШАНИ** ВО 2018?

ЕМОЦИОНАЛНО
ПАТУВАЊЕ СО
***FUNK SHUI***

ИНТЕРВЈУ
СО МЛАДАТА ПОЕТЕСА
**ДИЈАНА ДУРЛЕВИЌ:**
*РАЗГОВАРАМ СО СЕНКИТЕ*
*- ГИ ПОСАКУВАМ ЅВЕЗДИТЕ*

КАРПОШ
ЌЕ СЕ РАЗВИВА КОН
**ПЕРИФЕРИЈАТА**

# **ИТАЛИЈАНСКИОТ ЈАЗИК** „ВЛЕГУВА“ ВО УЧИЛИШТАТА ВО КАРПОШ



Италијанскиот јазик, од оваа учебна година е воведен како втор странски јазик во основното образование во нашата држава и учениците веќе имаат можност да го изучуваат.



Градоначалникот Стефан Богоев и амбасадорот Карло Ромео на работна средба изразија подготвеност италијанскиот јазик од наредната учебна година целосно да се воведе во наставата во едно од основните училишта во Карпош, притоа да се запазат сите процедури и правила пропишани од Министерството за образование и наука. На овој начин, учениците од шесто одделение ќе имаат можност да се запознаат со особеностите на јазикот, но и со италијанската култура и традиција. Имајќи предвид дека Италија во многу наврати ја има покажано солидарноста кон Градот Скопје, но и кон Карпош, отворена е можноста за создавање на „италијански корнер“ во Карпош со што ќе ја доближиме италијанската култура и традиција поблиску до граѓаните.



На средбата присуствуваа и проф. д – р Александра Саржоска, шеф на Катедрата на италијански јазик при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ и Марко Пешетели, лектор и одговорно лице за делот култура при Амбасадата на Италија во Скопје.

**Димитар Караташев**

**ОПШТИНА КАРПОШ**
Весник на
локалната самоуправа

**Издава Општина Карпош**
ул. Радика бр. 9
тел.: 02 | 30.55.901
02 | 30.55.902
kontakt@karpos.gov.mk
**www.karpos.gov.mk**

**Издавачки Совет**
Стефан Богоев
Душко Бужаровски
Филип Даскаловски

**Редакција**
Димитар Караташев
Игор Ѓуровски
Мила Гавриловска
Ива Зафировска
Благојче Атанасоски
Ивана Пендовска-Вукашиновиќ

**Главен и одговорен уредник**
Виолета Цветковска
vikipr@karpos.gov.mk

**Заменик-уредник**
Игор Ѓуровски
igor.gjurovski@karpos.gov.mk

**Одговорен за Фотографија**
Амел Амед

**Фотографија**
Игор Ѓуровски
Ива Манова - Зафировска

**Лектор**
Ангелина Николовска

**Технички уредник | Графички дизајн**
**STEF**Chou

**Печатница:** Серафимовски
**Тираж:** 20.000 примероци

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

# Во овој број ќе читате...

2 **ИТАЛИЈАНСКИОТ ЈАЗИК** “влегува“ во училиштата во Карпош

14 **АНКЕТА:** Што ги мачеше и што посакуваа граѓаните во 2018

16 Гимназијалците од Никола Карев симулираа **СЕДНИЦА НА СОВЕТ** на Општина Карпош

18 Стартуваше новиот **СООБРАЌЕН РЕЖИМ** околу Сити Мол

20 Карпош ќе се развива **КОН ПЕРИФЕРИЈАТА**

22 Емоционално пловење со **FUNK SHUI**

32 **ОДРЖЛИВ БУЏЕТ** креиран со граѓаните

34 **ПРОЕКТ НА ИДНИНАТА:** Населба со 10.000 жители ќе се грее и лади на топлински пумпи

36 **УРБАН ЛИК:** Семкарот од Карпош 4

41 **ЗАТВОРЕНА** е дивата депонија кај Газела

42 **СЕКСУАЛНОТО ЗДРАВЈЕ** е табу тема кај нас

48 **ЕСЕНСКИ ПОБЕДНИЦИ** во училишните спортски лиги во Карпош

51 Првата **РАГБИ ПРЕСМЕТКА** се случи во Карпош

52 Гастронаутика: Зимската идила на **РЕВИЈА**

54 Бизнис катче: **ЏАКОМО** првенци во еко-дистрибуција на пици

56 Интервју со **ЗЛАТНОТО ПЕРО НА КАРПОШ**, младата поетеса Дијана Дурлевиќ

ISSN 2545-482X

**Меѓународна соработка**

# БОГОЕВ НА ВИЕНСКИОТ ФОРУМ ЗА **ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**



Општина Карпош е единствената локална самоуправа во државата во која се спроведува проектот *INHERIT 2020 HORIZON* – Прашалник за здрава населба, во соработка со Институтот за јавно здравје на Република Македонија.

Во рамки на овој проект се одржа Форум за заштита на животната средина, во Виена, Австрија, на којшто учествуваше градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев, заедно со претставник од Институтот за јавно здравје, д – р Драган Ѓоргев. Тие на учесниците на Форумот им образложија за начинот на кој се спроведе проектот во Карпош, резултатите од него и перцепцијата на граѓаните и локалната самоуправа за корисноста од него.



За време на панел дискусијата, Богоев се осврна на важноста на Прашалникот за Општина Карпош. Конкретно, граѓаните имаа можност преку електронски пат (на ***http://karpos.gov.mk/page/prasalnikzazdravanaselba***) да ги даваат своите забелешки за квалитетот на живот во нивната населба, зеленилото, инфраструктурата, сообраќајот, социјални аспекти од живеењето и сл.

Во рамки на Форумот во Виена, градоначалникот Стефан Богоев се сретна и со свои колеги од Европа, при што размени повеќе идеи за правилно управување со отпад и негово паметно искористување. На Форумот се одржуваа и сесии за правилен и одржлив развој на градовите, за обновливите извори на енергија, за зелените површини, за јавниот превоз, како и други области од значење на локалната самоуправа.





# Стефан Богоев

## Градоначалник на општина Карпош

Почитувани граѓани,
драги карпошани,

**СРЕЌНА НОВА 2019 ГОДИНА**. Искрено Ви посакувам добро здравје, среќа и радост на Вас и Вашите блиски. Ви посакувам многу успеси, но и трпение и разум за да се справите со проблемите – кои се неизбежен дел од секојдневието. Имајте среќни новогодишни и божиќни празници, поминати со оние кои ги сакате.

Овој период од годината секогаш пресметуваме што сме направиле, дали годината што изминува била добра или не, дали сме очекувале повеќе и подобро? Секогаш ќе најдеме моменти на кои сме се радувале и сакаме да се повторат, но и мигови кои сакаме да ги заборавиме, дали на приватен или професионален план.

Среќен човек е човек кој има искрени другари и пријатели и ова лично го почувствував повеќе пати во текот на годината, по најразлични прашања. Не мора да се многу на број, но важно е да се тука, со нас, заедно да споделуваме пријатни и помалку убави моменти. Пријатели кои за миг ќе те тргнат од секојдневието, тековните случувања и проблеми...

Како градоначалник на Општина Карпош, сметам дека зад нас оставаме прилично успешна година. Не сакам ова да биде клише – обраќање и тука да ги посочам реконструираните улици или слично. Затоа што залудно е ако јас кажам дека сме имале успешна година, а вие директно не сте го почувствувале тоа.

Од секојдневните, директни средби со вас, но и по направено истражување на јавното мислење, мило ми е што давате шанса на новата енергија во Карпош. Давате шанса за проектот Мој Карпош – Моја картичка, позитивно го оценивте новиот парк – урбан сквер меѓу Тафталиџе и Нерези, зелената офанзива и засадувањето на повеќе од 300 нови дрвја и изградбата на новата градинка во Бардовци.

Во минатото мое новогодишно обраќање се обврзав на домаќински и рационален пристап и стабилизациски Буџет. Верувам дека успеавме во ова. Со малку ресурси, спроведовме проекти во интерес на повеќе категории на граѓани.

Тоа на што сум особено горд оваа година е што довршивме еден капитален проект, како што е изградбата на новата градинка во Бардовци (која наскоро ќе биде пуштена во употреба), но и отворивме нов објект на градинката „Мајски цвет“ во Тафталиџе 2.

Уште на почетокот на годината покажавме дека сакаме да расчистиме со минатото и да не бараме оправдувања. Бевме меѓу единствените локални самоуправи која спроведената ревизија за финансиско – материјалното работење ја достави до надлежните органи. Затоа што кажав дека правиме рез со минатото и вртиме нова страница.

Страница во која нема место за изговори, туку за нови и реални политики. Поглавје во кое Општината навистина ќе биде сервис на сите граѓани.

Сакам да ја истакнам и добрата и конструктивна соработка со опозицијата. Нормално и здраво е да имаме различни ставови и мислења, но добро е да градиме консензус за прашањата кои се од интерес на сите граѓани.

Во Новата 2019 година очекувам цврсто да „газиме на земја“ и да одиме напред. Да бидеме фокусирани на тоа што сакаме да го постигнеме, а како покрупни проекти за кои се залагаме е почетокот на активностите за изградба на паркот од вештачката карпа до бунарите на реката Вардар, ќе се постават нови, подземни контејнери со цел правилна селекција на отпадот и ќе се интензивираат активностите за зголемување на хигиената, достапност на картичката за попусти, реконструкција на градинката Мајски цвет во Тафталиџе 1.

Наши најверни читатели се повозрасните сограѓани. Во следната година проектот „Хумани патроли“ ќе овозможи домашни посети, нега и здравствена заштита за пензионерите. Исто така, предвидуваме отворање на нови пензионерски клубови, во кои ќе има програма и агенда на активности за повозрасните, за зголемена нивна социјализација и комуникација.

Искрено Ви благодарам за поддршката која ми ја давате, за големиот број сугестии, коментари и критики. Довербата обврзува, заедно да бидеме дел од нови успеси за нашиот Карпош!

**СРЕЌНА НОВА 2019 ГОДИНА И СРЕЌНИ НОВОГОДИШНИ И БОЖИЌНИ ПРАЗНИЦИ!**

Искрено Ваш,
Стефан Богоев



**Општина Карпош**

# РЕТРОСПЕКТИВА 10 НАЈУСПЕШНИ ПРОЕКТИ И НАСТАНИ

2018

Крајот на годината секогаш е добра можност да направиме ретроспектива на најинтересните настани, проекти од изминатата година. Секогаш се прашуваме дали сме можеле подобро или повеќе. Што сме погрешиле, а што е тоа што го привлекло вниманието на сите граѓани. Како уредувачки тим, се одлучивме да направиме ретроспектива на 10 – те најинтересни настани, проекти и политики кои локалната самоуправа ги презема оваа година.

## 1/ МОЈ КАРПОШ - МОЈА КАРТИЧКА

Во средината на месец јули, Општина Карпош го промовираше проектот Мој Карпош – Моја картичка. Под мотото ***Добро за бизнисот, повеќе за граѓаните***, се обединија голем број на стопанственици од Карпош, кои се одлучија да дадат попусти и бенефиции за карпошани. Во голем број од рестораните, кафулињата, ординациите и другите локали, граѓаните на Карпош ќе може да купуваат по пониски цени.

Сите субјекти склучија меморандуми за соработка со Општина Карпош и за оваа картичка наскоро ќе може да аплицираат сите граѓани, над 13 години, кои се жители на нашата Општина.

2

## УРБАН СКВЕР МЕЃУ ТАФТАЛИЏЕ 2 И НЕРЕЗИ

Едно од предизборните ветувања на градоначалникот Стефан Богоев беа и новите урбани скверови. Целта е јавните зелени површини дополнително да се оплеменат и разубават, со содржини за сите генерации.

Ваков маалски парк – сквер се отвори на потегот меѓу Тафталиџе 2 и Нерези (на последна 24 – ка). Паркот е опремен со ново детско игралиште, како и соодветна урбана опрема (клупи за седење, корпи за отпадоци).

Овој маалски парк се отвори на Денот на општината, 3 – ти  ноември, кога локалната самоуправа одбележа 42 години од своето постоење.

3

## НОВ ОБЈЕКТ НА ГРАДИНКА МАЈСКИ ЦВЕТ ВО ТАФТАЛИЏЕ 2

Отворен е нов објект на градинката Мајски цвет во Тафталиџе 2. На овој начин се зголемуваат капацитетите за згрижување на деца во оваа градинка, со тоа што објектот е проширен за 4 нови простории (односно 150 $m^2$).

Занималните се опремени со нови играчки изработени од еко – материјали, како и нов мебел (маси и столчиња).

Станува збор за енергетско ефикасен објект, со што монтажната градба е заменета со цврста.

Новиот објект го посетија градоначалникот Стефан Богоев и министерката за труд и социјална политика, Мила Царовска, кои нагласија дека ќе продолжи да се унапредува детската заштита и условите во предучилишното образование.

4

## КАРПОШОВО КУЛТУРНО ЛЕТО

Оваа година, Карпошовото културно лето доби нов сјај, а во сите три вечери доминираа артисти и уметници од домашната естрада. Програмата беше прилагодена за сите генерации, за најмладите, но и повозрасните. Најмладите беа забавувани од Петко 5+ и Фамилијата, а посебен шмек дадоа и Златните славејчиња.

Карпошани ги паметат вечерите со квалитетна македонска музика, заедно со групата Нон Стоп и Дани Димитровска, етно звуците на Ориѓански, мелодиите на Гуру Харе и Игор Џамбазов, како и стенд ап шоуто на Сашко Коцев, поп музиката на Кристина Арнаудова и Тања Тас.

## УЧЕНИЦИТЕ ГИ МАПИРАА НАЈКРИТИЧНИТЕ ТОЧКИ

5

Општина Карпош оваа година работеше и на зголемување на безбедноста на сообраќајот. Карпош 4 доби ново сообраќајно решение, со што е олеснато движењето на возилата, но и воведена е ЗОНА 30 заради поголема безбедност пред воспитно – образовните установи. Во оваа насока е и соработката на проектот ***Детективи на патот***, каде што ученици од сите 10 основни училишта, ги посочија критичните точки за движење од нивниот дом до училиштето. Тие го доставија Извештајот до Општината, со цел да се зголеми безбедноста на конкретни локации и да се обноват дел од сервисните улици. Општина Карпош ќе продолжи да биде партнер и поддржувач на основните училишта.

6

## 365 ДЕНА ГРИЖА ЗА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Изминатава година имавме повеќе активности на полето на социјалната инклузија на лицата со попреченост на локално ниво. Активирана е уште една сензорна соба за учениците со посебни потреби во ***ООУ Димо Хаџи Димов***, со цел да се олесни нивниот престој во текот на наставата.

На 3 – ти декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост, Општина Карпош додели и финансиска помош, а Советот донесе одлука за субвенционирање на локалите кои ќе вработуваат лица со попреченост.

Примарната цел на локалната самоуправа е 365 дена, континуирано да го унапредуваме статусот на лицата со попреченост.

## ПОВЕЌЕ ОД 330 ДРВА ЗАСАДЕНИ ВО КАРПОШ

7

а бетонското сивило одговоривме со повеќе зеленило. Засадени се повеќе од 330 дрвја на територија на Карпош. Општина Карпош засади голем број на високоразвиени садници долж сервисните улици, внатрешно во населбата, а исто така се оплемени и меѓублоковското зеленило (зеленилото меѓу зградите).

Заедно со Градот Скопје и ЈП Паркови и зеленило се садеше долж булеварите и градските улици: ***Рузвелтова***, ***бул. 8 Септември*** и ***бул. Партизански одреди***.

8

## МОБИЛНА АПЛИКАЦИЈА ЗА КОМУНИКАЦИЈА СО ОПШТИНАТА

Со активирањето на мобилната апликација (за IOS и Android), Општина Карпош ќе биде првата локална самоуправа која ќе воспостави ваков тип на комуникација со граѓаните. Преку апликацијата граѓаните ќе можат да пријавуваат проблеми, но и да споделуваат свои идеи и иницијативи од областа на екологијата, инфраструктурата, урбанистичкото планирање, спортот, културата и други теми од локално значење.

Апликацијата е подготвена во соработка со ***БЛИНК 42 – 21*** и поддршка од USAID.

9

## СУБВЕНЦИИ ЗА КУПУВАЊЕ НА ВЕЛОСИПЕДИ

Оваа година, со цел да се стимулираат граѓаните да го користат велосипедот, како алтернативно превозно средство, Општина Карпош во два наврати субвенционираше купување на нови велосипеди. Со оваа мерка се опфатија вкупно 239 граѓани, кои добија субвенција во износ од 30 % од средствата за набавка на велосипед, но не повеќе од 3.000 денари. За овој проект, локалната самоуправа преку Советот издвои 660.000 денари.

10

## УЧИЛИШНА ГРАДИНА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ХРАНА ВО ООУ АВРАМ ПИСЕВСКИ

Во дворот на ООУ „Аврам Писевски“ за прв пат се отвори првата градина за одлгедување и производство на храна, во некое од основните училишта.

Станува збор за Училница на иднината, создадена од креативните ученици и наставниот кадар на ова училиште, со локација во Бардовци.

Целта е учениците од најрана возраст да бидат свесни од важноста на здравата исхрана, свежото овошје и зеленчук.

**Димитар Караташев**

ПРОЕКТИ

# РЕАЛИЗИРАНИ



## ***ЊУДЕЛХИСКА***
## ДОБИ НОВ ЛИК

Месецов, локалната самоуправа целосно ја реконструираше улицата ***Њуделхиска***, во населбата Тафталиџе 1. Целиот потег долж улицата, по повеќе децении, доби нов урбан лик. Улицата е проширена, со цел да се обезбеди поголема безбедност на сите учесници во сообраќајот, а поставено е и ново штедливо осветлување – лед светилки со моќност од 30 вати.

Целосно е обновен коловозот на оваа сооообраќајница и истиот е проширен, а реконструирани се и тротоарите долж улицата. Вкупно се асфалтираа 500 метри од улицата, а инвестицијата на Општина Карпош е во вредност од 3.200.000 денари. Реконструкцијата на ***Њуделхиска*** овозможува и зголемување на протокот на сообраќајот на овој потег. Исто така, засадени се и нови садници дрвја долж ***Њуделхиска***, со што се зголеми зеленилото во овој дел од Карпош.

Општина Карпош во урбаната заедница ***Владо Тасевски*** во Тафталиџе 1, во моментов работи на реконструкција на повеќе улици: „***Римска***“, „***Атинска***“ и улицата ***Карпошово востание*** во Карпош 3.



## **СООБРАЌАЈНИ ЗНАЦИ**
## ЗА ПОГОЛЕМА БЕЗБЕДНОСТ НА КАРПОШАНИ

Општина Карпош постави вертикална сообраќајна сигнализација, околу плоштадот кај Млечниот ресторан во ***У.З Владо Тасевски***. Според сообраќајните знаци, се забранува движењето со мотор во рамки на платото, кое е предвидено за движење и престој на граѓаните. Со цел, поголема безбедност на жителите кои го користат овој урбан сквер, апелираме до сите граѓани да ги почитуваат сообраќајните правила.







# МАЛИТЕ КАРПОШАНИ ЌЕ ПРЕСТОЈУВААТ ВО **НОВИ ПРОСТОРИИ**

Градинката ***Мајски цвет*** во Тафталиџе 2 доби целосно нов објект, со што капацитетот за сместување на децата се зголеми за дополнителни 150 $m^2$. Стариот објект од монтажен карактер се замени со нов, од цврста градба, и истиот е енергетски ефикасен, со можност за сместување на 95 деца. Со него се добија дополнителни, четири простории, кои се опремени со нови дидактички материјали (играчки и едукативни средства изработени од еко – материјали, интерактивни ѕидови за цртање и нов мебел и опрема).

Во работна посета на градинката беа градоначалникот на општина Карпош, Стефан Богоев и министерката за труд и социјална политика, Мила Царовска. Во таа пригода тие посочија дека продолжуваат со унапредување на условите во предучилишното образование.

- Со ова темпо, продолжуваме и во претстојниот период, каде што, во завршна фаза е опремувањето на целосно новата градинка во Бардовци, а за 2019 година предвидуваме и реконструкција на градинката ***Мајски цвет***, во Тафталиџе 1 – истакна Богоев.

Благодарение на поддршката од МТСП, оваа година се зголеми и воспитниот кадар во градинките во Карпош, со цел да се овозможи поквалитетна детска заштита и сеопфатно предучилишно образование.







# **ПОГОЛЕМА БЕЗБЕДНОСТ** ЗА ПЕШАЦИТЕ И **ПОЧИСТ ВОЗДУХ** ЗА КАРПОШАНИ

За да овозможи поголема безбедност во сообраќајот, општина Карпош деновиве постави т.н ***интелигентен лежечки полицаец*** на улицата ***Руѓер Бошковиќ***, во непосредна близина на самиот влез на ООУ ***Вера Циривири Трена***. На коловозот е поставена и вертикална сигнализација со која се ограничува брзината на движење на автомобилите на само 30 километри на час. Сообраќајниот реквизит би се активирал преку сензори, во случај кога возачите ќе ја надминат пропишаната брзина и во таа ситуација тие ќе бидат приморани да ја прилагодат брзината на движење.

Освен побезбеден сообраќај, со ***интелигентниот полицаец*** се намалува потрошувачката на гориво, што значително влијае на помало загадување на воздухот. За споредба, кај ***традиционалните лежечки полицајци*** возачите го поминуваат овој реквизит во стоп-старт режим (нагло кочење а потоа и забрзување), при што според проценките на експертите, доаѓа до зголемена загаденост за околу 60% со NO2, скоро 60% со CO и скоро 50% зголемување на ПМ честичките во воздухот. За разлика од нив, ***интелигентните лежечки полицајци*** директно го елиминираат загадувањето и зголемената потрошувачка на гориво.

ПРОЕ





## ЗАПОЧНА **РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛ. *КАРПОШОВО ВОСТАНИЕ*** ВО КАРПОШ 3

Локалната самоуправа презеде низа градежни активности, со кои целосно ќе ја асфалтира улицата ***Карпошево востание*** во должина од 740 метри и вкупна површина од 5.880 м². Градежните работи ги изведува фирмата ***АД Гранит***, а за оваа инвестиција, општина Карпош обезбеди околу 3.460.000 денари.

# ВО ТЕК





## ОПШТИНАТА **ГИ РЕНОВИРА УЛИЦИТЕ** ***РИМСКА*** И ***АТИНСКА***

Деновиве во урбаната заедница ***Владо Тасевски*** се одвива поголема градежна иницијатива. Имено, општина Карпош поставува нов асфалт на улиците ***Римска*** и ***Атинска***. Двете улици ќе ги реконструира фирмата ***АД Гранит***, при што, ќе биде реновиран коловозот на ул. Римска во должина од 230,5 метри и вкупна површина од 2.304 м², додека пак, улицата Атинска, ќе биде реконструирана во должина од 180 метри и површина од 990 м². За овој градежен зафат, Општината од својот буџет обезбеди 1.670.122 денари за улицата Римска и 918.345 денари за улицата Атинска.

# ШТО ГИ МАЧЕШЕ И ШТО ПОСАКУВАА КАРПОШАНИ ВО 2018: **УБАВИ КОЛОВОЗИ, ПОВЕЌЕ ХИГИЕНА И СВЕСТ КАЈ СОГРАЃАНИТЕ**



### Роберт Мандиќ

Сметам дека градежните зафати, односно кога има работа на улиците, дали станува збор за пополнување на мали дупки, или пак бојадисување на сообраќајната сигнализација, пешачки премини или лентите, треба да се работи навечер, односно по 12 часот по полноќ кога сообраќајниот метеж е намален.



### Сара Китановска

Јас сум во Карпош 1 и ми се допаѓа скоро се, односно како се одржува и хигиената и она што е достапно, како за нас помладите така и за постарите жители. Има детски игралишта, има и паркчиња. Сметам дека се потребни повеќе градинки. Една градинка има во три Карпоши.



### Јасмина Кузмановска

Бидејќи живеам во Козле, со години имаме проблем со шахтата што тече и поплави се кај нас пред куќа... Тој проблем за нас е навистина страшен, тоа треба да се направи. Убаво е паркчето што е направено како и игралиштето за деца. Јас сум засегната за децата, да бидат побезбедни улиците, на сите страни се ископани тротоарите. Паркчето за децата е супер, но сепак би додала да биде малку повеќе затворено поради кршењето на реквизитите.



### Александра Гиновска

Комуналните работници треба да почнат вистински да работат, а не само да шетаат со кантите и метлите. Ќе почнат снегови, па ќе се чека едно четири недели да се исчисти, додека не почнат да се случуваат несакани случки. Другото е добро, има доволно игралишта за деца, се кршат, но се поправаат, тоа веќе останува на совеста на граѓаните за тоа не е виновна Општината. Да се вклучат граѓаните и да се прифаќаат повеќе сугестии на општинските состаноци како и при носење на ДУП-овите повеќе да се вклучени и граѓаните.



### Славица Кировска

Хигиената целосно е запоставена во Општината. Ќе ги соберат лисјата со машината и ќе ги оставаат така, ете на многу места само купови лисја има. Премногу е нечисто.



### Вангел Ташовски

Подобро е одржувањето на парковите одошто претходно. Потребна е поголема агилност во се што се работи. Подобро е одржувањето, но може да биде уште подобро.



### Славе Смилевски

Одлично е што се промени сообраќајната сигнализација во Карпош 4, бидејќи јас тука живеам па сакам да ја пофалам оваа одлука бидејќи во овој дел сообраќајниот метеж беше неизбежен, а сега вака е многу подобро. Инаку зеленило има, паркови исто така кои се одржуваат, што значи дека задоволен сум од работата на општинската власт.



### Ибадет Фезулова

Во овој дел на Карпош, населбата Нерези потребни се повеќе детски игралишта бидејќи тука најмалку или воопшто ги нема. Потребно е да се асфалтира улицата Демир Трајко бидејќи долго време е со дупки и неасфалтирана. Верувајте, автомобилите ги искршивме, а доста е фрекфентна оваа улица.

Гимназијалците од Никола Карев
симулираа седница на Совет на Општина Карпош

# ПОЛИТИЧКА КУЛТУРА НА КОЈАЌЕ ПОЗАВИДАТ И ПОИСКУСНИТЕ ПОЛИТИЧАРИ



Младите од Карпош, во повеќе наврати годинава, имаа можност да бидат вклучени во процесот на донесување одлуки или одблизу да ја следат работата на Општината, на градоначалникот и на секторите во јавната администрација.

Општина Карпош е првата локална самоуправа во која се спроведе Планската игра: Симулација на седница на Совет, во организација на фондацијата Фридрих Еберт (канцеларија во Скопје), Младинскиот образовен форум (МОФ) и секако, Општина Карпош.

Всушност, 23 ученици од трета и четврта година од гимназијата ***Никола Карев***, со живеалиште на територија на Карпош, симулираа седница на Совет. Учениците беа сегментирани по политички партии кои се застапени во постоечкиот Совет на Карпош.

Во симулацијата учествуваше и градоначалникот Стефан Богоев, кој заедно со младите дебатираше по наменски создадениот Дневен ред кој содржеше повеќе точки од локално значење.

Младите спротивставуваа ставови за загадувањето, нудеа решенија, дебатираа за проблемот со кучињата – скитници и нивно правилно мапирање и хуман третман, а се осврнаа и на активности за подигнување на јавната свест за заш-Тоа што навистина импонираше беше подготвеноста на средношколците, политичката култура и нивото на кое може да позавидат и повозрасните политичари. Иако станувaше збор за симулација, беа предложени голем број на корисни решенија кои може да се спроведат и во реалниот живот.

На оваа симулација претходеше присуство на учениците на редовна седница на Советот на Општина Карпош, со цел да го видат вистинскиот тек на една седница. Исто така, тие имаа и неколку обуки и тренинзи со тренерите на Младински образовен форум.

Локалната самоуправа ќе продолжи со добрата и успешна соработка со граѓанскиот сектор и младинските организации. Нашата цел е да ги стимулираме младите да се вклучуваат во општествено – политичките процеси, да градиме нови генерации на одговорни луѓе кон заедницата.

**Димитар Караташев**









# ВЕСТИ

## **НОВИ ЕКО – ИГРАЧКИ** ЗА СИТЕ ГРАДИНКИ ВО КАРПОШ

Сите објекти на градинките во Карпош добија нови играчки изработени од еко – материјали. Старите и дотраени дидактички материјали се заменија со нови, со цел да се подобри престојот, грижата и социјализацијата на најмладите.



Новите играчки овозможуваат младите да учат преку игра и уште во детските установи да се подготват за основното образование.

- Новите играчки изработени од еко – материјали ќе придонесат за попријатен престој на најмладите во градинките, а притоа да бидат заштитени и безбедни при детската игра. Овие еко - играчки ја зголемуваат интеракцијата меѓу младите и ги развиваат нивните когнитивни вештини, да ги спознаваат работите и појавите, изјави градоначалникот на Карпош Стефан Богоев при што им ги честиташе претстојните Новогодишни и Божиќни празници на најмладите, на воспитниот кадар во градинките кои навистина вложуваат во грижата и заштитата на децата.

## **ПРИЈАВИ ЕЛЕКТРОНСКИ ОТПАД** ДА СПРЕЧИМЕ НОВИ ДИВИ ДЕПОНИИ




Општина Карпош е првата локална самоуправа која се придружи кон акцијата за собирање на електронски и електричен отпад. Секое домаќинство, со јавување на телефонскиот број 070 236 000 може да пријави ваков отпад, при што истиот директно и бесплатно ќе биде собран од нивните домови. Акција во Општина Карпош трае во континуитет.

Оваа еко – акција се спроведува во партнерство со Друштвото за управување со отпад ***Нула отпад*** ДОО Скопје.

На овој начин ќе спречиме да се создаваат нови диви депонии со габаритен отпад, кои потоа се пали и дополнително придонесува за загадување на амбиенталниот воздух.
Општината пред просториите на сите урбани заедници истакна известување за оваа акција и телефонскиот број на кои може граѓаните да пријават ваков вид отпад за собирање.

# ОД ОПШТИНАТА

## СТАРТУВАШЕ **НОВИОТ СООБРАЌАЕН РЕЖУМ** ОКОЛУ СИТИ МОЛ




Од 9-ти декември започна да функционира новото сообраќајно решение на потегот околу Карпош 4. Станува збор за новопоставената хоризонтална и вертикална сигнализација која ќе овозможи поголема безбедност и намалување на сообраќајниот метеж, побезбедно движење на граѓаните и возилата околу Сити Мол и во овој дел на Карпош 4.

Според новиот режим на сообраќај, возилата кои се движат од ул. Московска и бул. Партизански одреди во правец на  Љубљанска, а сакаат да завртат лево за Волгоградска, сега ќе продолжуваат право и ќе можат да завртат лево на Разловечко востание. Оттаму, возвратно, повторно возилата лево може да се вратат на улицата Волгоградска или да циркулираат  внатре по сервисните улици во Карпош 4.

Инаку, со новиот сооoбраќаен режим се воведува и т.н. ***ЗОНА 30*** (максимално дозволена брзина од 30 км/час) заради поголема безбедност пред воспитно –образовните институции во Карпош 4.

Новиот сообраќаен режим овозможува побрз проток на сообраќајот пред ТЦ Скопје Сити мол, а значително ќе ја зголеми безбедноста на движење на возила и пешаци и внатрешно, во населбата (долж сервисните улици).

Сообраќајното решение  е подготвено и одобрено од страна на повеќе надлежни институции и стручни субјекти: Општина Карпош, Градот Скопје, Министерството за внатрешни работи преку СВР Скопје и стручни лица – сообраќајни инжинери.

За побрза и полесна имплементација на новото сообраќајно решение, ќе има присутни лица од СВР Скопје и од Општина Карпош, кои ќе ги упатуваат возачите и граѓаните како треба да се движат.

Во отворена и јавна постапка
донесен е ДУП-от за делот околу касарната Илинден

# КАРПОШ ЌЕ СЕ РАЗВИВА **КОН ПЕРИФЕРИЈАТА**

Урбанизацијата од „централното јадро“ ќе се пренасочи кон периферијата. Со ова инфраструктурно ќе зајакнат и овие делови од Карпош. Ќе се зголеми нивната атрактивност и потенцијал за привлекување на нови инвеститори.



Планска урбанизација наспроти дебармаализација на Карпош. Ова е еден од главните предизвици на новата локална власт, како да се справи со големиот број на градби во централното јадро на Општината?

Примарната цел е да се хуманизира просторот. На насилната урбанизација да се одговори со план и стратегија за развој на Карпош, по периферните делови.

Во оваа насока е и носењето на Деталниот урбанистички план за делот околу касарната „Илинден" (ДУП за Градска четврт ССИ 03 Блок 4). Имено, членовите на Советот, владејачкото мнозинство и најголемата опозициска партија гласаа ***ЗА***, за Карпош да се развива кон периферијата.

Овој документ од областа на урбанистичкото планирање беше донесен во отворена и јавна постапка, со спроведени јавни анкети и расправи.

Новиот ДУП за делот околу касарна ***Илиден*** предвидува изгадба на објекти за домување, со максимална висина до 21 метар (приземје + пет спрата + поткровје). На овој простор има парцела и за изградба на објект со намена ОБРАЗОВАНИЕ, како и земјиште во сопственост на Министерството за одбрана – Армија на Република Македонија и Министерството за внатрешни работи.

Градоначалникот Стефан Богоев посочи дека ќе опстои на определбата за пренесување на урбанизација од централното јадро кон периферните делови на Карпош (Бардовци, Злокуќани, Жданец, Трнодол). На овој начин, инфраструктурно ќе се подобрат и поврзат и овие делови од Карпош.

Во претстојниот период, се очекува пред советниците да се најде и Деталниот урбанистички план за Градска четврт Ј 02, опфатот меѓу Жданец, Трнодол и Нерези, кој во овие моменти е во процес на подготовка и се прават финални консултации со граѓаните.

**Димитар Караташев**



# ЕМОЦИОНАЛНО ПЛОВЕЊЕ СО ***FUNK SHUI***



Македонската музичка сцена во февруари 2010 година за прв пат ги почувствува длабоките мистични звуци и динамичниот ритам на скопското енергично трио – Фанк Шуи. Заемната љубов кон музиката и специфичниот стил ја обедини екипата, која засега ја сочинуваат ***Лука Ѓоргиевски*** – (гитара и вокал), ***Давид Николовски*** – (тапани) и ***Михаил Намичев*** – (бас гитара). Од бендот велат дека најголемата поддршка при нивното формирање ја добиле од нивните пријатели, Стефан Стојанов и Стефан Момиќ.



Карактеристични со својата музичка и стилска експресија, одличниот сценски настап и посебната енергија која ја шират во етерот, Фанк Шуи комуницираат со публиката промовирајќи ја идејата за слободно течење или „Free Flow“. Таа идеја извршила силно влијание на животниот стил и светогледот кај дечките од овој бенд.



-Стилот е слободен, неограничен, има доста место за импровизација, но, затоа на сцената се развива еден посебен вид енергија која одлично ја препознаваат нашите фанови. Нашата музика се роди под влијание на гранџ сцената од Сиетл (САД), импресивните џем сесии и фанк музиката – вели тапанарот Давид Николовски.

Тој открива дека Фанк Шуи на некои од живите свирки често пати знаат да излезат од музичките рамки, менувајќи ја ритмиката и стилот. Таквиот слободен пристап и експериментирање на бината спонтано раѓа нови песни, кои се плод на моменталната инспирација и креативна енергија која се создава во допир со публиката. Досега имаат реализирано два студиски албуми, почнувајќи од нивниот „првенец“ насловен како „Етер“, по што следуваше и албумот „R.E.M“. Дополнителниот материјал кој не влезе во продукција, „фанкерите“ го спакуваа во кратко ЕР, насловено како „Импулс“.

Еден од најзабележителните настапи на Фанк Шуи на македонската алтернативна сцена, е учеството, пред точно три години (25.12.2015), во Младинскиот културен центар каде настапија и Foolish Green, Астероид, Pluto's Doubts, Драги Иванов и секако, раперите Чиста Околина. Најверојатно, уште долго време ќе се памети и раскажува заедничкиот настап на Фанк Шуи и Чиста Околина, кои буквално ја „запалија“ публиката со совршениот спој на фанк и хип-хоп музика кој се покажа како одлична стилска комбинација. Освен на домашната сцена, „фанкерите“ ја ширеа својата енергија и на неколку турнеи во соседна Србија.

Познати по своите хитови, „Архетип“, „Грла Јарци“, „Крик“, „Виулица/Сомнежи?“, „Огледала“ и слично, момците демонстрираат одлична бас линија, карактеристична мелодичност на гитара и зависно од песната, жесток ритам на тапани. Дополнителна тежина на бендот му дава и менувањето на стилот, што ги прави непредвидливи и во исто време интересни за слушање.

Кон крајот на месецов, Фанк Шуи настапија во ВИП Арената „Борис Трајковски“ како предгрупа на Џибони и Влатко Стефановски Трио. Задоволни од своето концертно издание, младите музичари најавија дека наскоро ќе ги изненадат своите фанови со нов материјал и секако, со нов албум.

**Игор Ѓуровски**



# КАРПОШ ГИ ПОДДРЖУВА **ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ** 365 ДЕНА ВО ГОДИНАТА

На 3-ти Декември, Светскиот ден на лицата со попреченост, нашата општина продолжува со континуираната грижа за своите сограѓани кои се со посебни потреби. Во оваа пригода, градоначалникот на Општина Карпош Стефан Богоев, нагласи дека еден од најголемите приоритети на локалната самоуправа е токму помошта на овие лица.

- По повод Денот на лицата со попреченост, Општина Карпош повторно додели парична помош на лицата со посебни потреби кои се жители на општината. Станува збор за повеќе од 120 лица кои добија еднократна парична помош, но, сакам да повторам, целта на општината е 365 дена во годината да се грижиме за овие наши сограѓани. Ние, како Општина продолжуваме да бидеме партнер со овие наши сограѓани, бидејќи сме сите исти, иако, на некој начин и сите сме различни изјави градоначалникот Богоев. Локалната самоуправа поставува пристапни рампи пред детските градинки, училишта и објекти за домување, со цел да се олесни пристапот и мобилноста на лицата со попреченост.

Исто така, Советот на Општината донесе одлука со која ќе субвенционира локали кои работат на територија на Општина Карпош и на територија на Градот Скопје, коишто ќе вработуваат лица со посебни потреби, а се жители на Карпош.

Во знакот на еднаквоста и уривањето на бариерите, Карпош продолжува со сестрана грижа за сите свои сограѓани.



# **РАЗЛИЧНОСТИТЕ ОБЕДИНУВААТ** – ПРИРАЧНИК ЗА ДЕЦА СО ДАУНОВ СИНДРОМ

Едукативен прирачник во форма на приказна за деца со Даунов синдром, беше презентиран во ООУ „Јан Амос Коменски“. Автор на оваа сликовница-едукативен прирачник е Мимоза Петревска Георгиева, мајка на ученичката Илина, дете со Даунов синдром, која е деветто одделение во „Јан Амос Коменски“ и е главен лик во приказната.

Приказната за Иван и Илина ја слушнаа поголем број на ученици од ова училиште, во присуство на нивните родители, дефектолозите и наставниот кадар, како и гости од Општината. Изготвувањето на оваа сликовница е инспирирано од секојдневниот живот на Илина, посебно оној дел кој го минува во училиште, како и од односот со нејзините соученици и наставници.

Оваа сликовница има за цел да го олесни воспитно - образовниот процес на децата со Даунов синдром и лицата со посебни потреби и истите на полесен начин да се вклучат во наставата.





# И *ДИМО ХАЏИ ДИМОВ* ДОБИ **СЕНЗОРНА СОБА** ЗА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Како резултат на успешната соработка меѓу Општина Карпош и здружението на граѓани ***Дајте ни крилја*** отворена е нова сензорна соба - ресурсна просторија за учениците со посебни потреби во просториите на ***ООУ Димо Хаџи Димов***, во Влае.

Градоначалникот Стефан Богоев посочи дека на овој начин се покажува дека е можна вистинска соработка меѓу локалната самоуправа и граѓанските организации.

- Нашата цел е во текот на цела година да водиме континуирана грижа за лицата со попреченост и да ги подобруваме условите во кои претстојуваат и се образуваат. Во април склучивме Меморандум за соработка со здружението ***Дајте ни крилја***, а веќе ја активиравме оваа просторија која на вистински начин ќе им помогне на учениците со попреченост од ова училиште, рече Богоев.

Оваа сензорна соба има за цел да го олесни воспитно – образовниот процес на учениците со попреченост во моментите додека ја следат наставата.

Просторијата е опремена со посебни реквизити, сензорно осветлување, дидактички материјали (играчки, коцки и сложувалки), таблет, телевизор и др.

Според претседателката на здружението ***Дајте ни крилја***, Ребека Јанковска Ристески, која во изминатиот период несебично се вложи за создавањето на оваа сензорна соба, повеќе инстанци, Општината, општествено одговорни субјекти со седиште во Општина Карпош, интернационалното училиште „НОВА“ – Скопје, помогнаа во опремувањето на просторијата, за што изрази посебна благодарност.

Овој проект за отворање на сензорни соби ќе продолжи и во иднина. Ваква соба неодамна беше отворена и во ООУ „Јан Амос Коменски“, а следно училиште кое ќе добие ваков тип на просторија, која ќе биде трета по ред, е ООУ „Владо Тасевски“, во Козле.



# БОГОЕВ И АНГЕЛОВ СО **НОВОГОДИШНИ ПАКЕТЧИЊА** ЗА ДЕЦАТА ВО БОЛНИЦАТА ВО КОЗЛЕ

Во пресрет на новогодошните и божиќните празници, градоначалникот на Општина карпош Стефан Богоев и амбасадорот на Република Бугарија во Македонија, Ангел Ангелов доделија новогодишни пакетчиња за дечињата кои се лекуваат во ЈЗУ Институт за белодробни заболувања (Козле).

- Во овие моменти, кога ја испраќаме старата година и влегуваме во Новата, сакаме да ги израдуваме најмладите и да потсетиме на хуманоста и солидарноста како важни човечки и општествени вредности.Општина Карпош и, во претстојниот период, ќе додели пакетчиња на децата од социјално - загрозени семејства, рече Богоев.

Амбасадорот Ангелов посочи дека пакетчињата се донација од Министерството за надворешни работи на Бугарија, а нивната заложба со оваа донација е што поголем број на граѓани да ги поминат празниците во пријатна атмосфера.

Директорот на здравствена установа Ангелчо Андоновски напомена дека ќе продолжат да работат максимално на целосна нега и лекување на децата, а ваквите акции се добар пример за начин на грижа и внимание  за целокупната заедница.

# АЛАРМ ЗА СРЕЌНА И БЕЗБЕДНА 2019 – **ПЕТАРДИТЕ НЕ СЕ ИГРАЧКИ**





Пред платото на ТЦ Скопје Сити Мол, односно токму од Карпош, започна кампањата „Среќна и безбедна 2019 година - петардите не се играчки“, во организација на Општина Карпош, СВР Скопје, Црвен крст на Град Скопје и Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

На настанот се обрати градоначалникот Стефан Богоев, кој напомена дека локалната самоуправа продолжува да работи на зголемена безбедност на најмладите.

- Посакуваме на безбеден начин да влеземе во Новата 2019 година. Пиротехничките средства придонесуваат и за дополнително загадување на животната средина, а секако се закана и за нашата лична безбедност.

Во оваа кампања се приклучија сите основни училишта во Општината. Имено, учениците изработија цртежи и графити со мотиви: ПЕТАРДИТЕ НЕ СЕ ИГРАЧКИ, по што беа избрани и најдобрите цртежи на таа тема. Како прво награден беше цртежот на Дорис Геракар од ***ООУ Петар Поп Арсов***, втората награда Ива Цимбировска од ***ООУ Христијан Тодоровски Карпош***, а третонаградена беше Берна Абдула од ***ООУ Братство***.

Целта на оваа кампања е да се подигне јавната свест кај сите граѓани, а младите на најдобар начин може да ја рашират пораката и да алармираат, рече Богоев.

На настанот се приклучија и учениците од музичкото училиште Илија Николовски – Луј кои изведуваа познати македонски песни и светски хитови, со што дополнително ја надополнија атмосферата.

Исто така, пред платото на ТЦ Сити Мол се одржа и симулација – укажување на прва помош на повреда здобиена од употреба на пиротехничко средство.







# **ГРАДИНКАТА ПРОЛЕТ** ЦЕЛОСНО Е ОПРЕМЕНА СО ПРОЧИСТУВАЧИ ЗА ВОЗДУХ

Продолжува опремувањето на градинките во Карпош, со прочистувачи за воздух. Градинката Пролет, целосно се опреми со прочистувачи за воздух кои овозможуваат побезбеден престој на најмладите во детските установи.

Прочистувачите се донација од АД Електрани на Македонија, а општествена одговорност покажа и болницата „Жан Митрев“, како и школата за странски јазици „Филос“.

Во претстојниот период, локалната самоуправа ќе се фокусира на опремување со прочистувачи на основните училишта.

Ги повикуваме сите општествено - одговорни субјекти да се приклучат во оваа акција.




# Поплава

## правила за заштита од поплави

Поплава е природна непогода која настанува при обилни врнежи од дожд, поради брзо топење на снегот, големо невреме, попуштање и уривање на брана од акумулации.

Треба да се однесуваме одговорно во периодот кога нема поплави.

Не треба да фрламе отпадоци во реките, водотеците и каналите.

Да не ги оштетуваме одбранбенте насипи.

Ако во речните корита и канали веќе постои отпад, веднаш треба да се алармираат надлежните служби.

Најголемите поплави настануваат кога се поврзуваат атмосферската со фекалната канализација.

Не треба да фрламе ѓубре и да ги покриваме шахтите што ја носат атмосферската вода.

## ПРЕД ПОПЛАВА




## ЗА ВРЕМЕ НА ПОПЛАВА




## ПО ПОПЛАВА




тел.02/2433-348 факс. 02/2433-300
ул. „Васко Карангелески“ бр. 8, 1000 Скопје

web site: www.dzs.gov.mk
e-mail: dzs@dzs.gov.mk и press@dzs.gov.mk

Дирекција за заштита и спасување

Вклучи се – Буџет Карпош 2019

# ОДРЖЛИВ БУЏЕТ КРЕИРАН СО ГРАЃАНИТЕ

Општина Карпош во изминатиот период на повеќе начини ги мапираше потребите на граѓаните, со цел да се создаде реален и одржлив Буџет за претстојната 2019 година.

На официјалната веб страна **www.karpos.gov.mk** беше посгавен анкетен прашалник преку кој граѓаните ги посочуваа своите потреби за 2019 година. Повеќе од 500 граѓани го пополнија прашалникот и ги доставија своите предлози за повеќе урбани заедници.

Токму овие предлози се земени предвид и при креирањето на буџетските програми за следната година.






Исто така, во изминатите месеци Општина Карпош заедно со Институтот за јавно здравје беше вклучена во проектот ***INHERIT 2020 HORIZON*** – Прашалник за здрава населба. Преку овој проект се испитуваа повеќе фокус групи, а карпошани имаа можност да ги посочуваат најгорливите проблеми.

Работната група која го води овој проект, во присуство на светскиот експерт Џон Холви, од Шкотска, го презентираа Извештајот пред градоначалникот на Карпош и побараа интегрирање на забелешките во новиот Буџет.

Проект на иднината во Карпош

# НАСЕЛБА ОД 10.000 ЖИТЕЛИ ЌЕ СЕ **ГРЕЕ И ЛАДИ НА ТОПЛИНСКИ ПУМПИ**

Примената на обновливите енергии во замена на фосилните горива е стратешка определба на општина Карпош дефинирана со Стратегијата за развој на општината, Акциските планови за енергетска ефикасност, годишните програми на Секторот за екологија и енергетска ефикасност и т.н. Може да се пофалиме дека сме први и единствени во државата кои од 2012 година ги субвенционираме енергетско -ефикасните градби, а посебно примената на обновливи извори на енергија во системот за греење, ладење, климатизација и санитарна топла вода во индивидуални колективни и јавни згради на територијата на Општината. Како рузултат на тоа имаме и повеќе од 70 тина објекти кои користат вакви системи со снаги од 30 KW до 1,5 MW, како јавни објекти во надлежност на Општината (школи, градинки, администрактивни објекти) во кои се вградени системи за греење и ладење со термална пумпа вода/вода, како и систем за греење со дрвен чипс.

Со ова пригодно обраќање на Раководителот на Одделението за енергетска ефикасност при Општина Карпош Љупчо Димов на националната конференција на „Cool-Heating“ која се одржа во хотелот „Бест Вестерн“ во Скопје, на која Општината ја претставуваше и Владимир Кировски, советник во Кабинетот на градоначалникот на Општина Карпош Стефан Богоев, експертите од локалната самоуправа всушности ги најавија сите досега преземени и идни проекти во сферата на енергетска ефикасност, со кои Карпош предничи во иновациите и нивната имплементација.

Ова е посебно важно во време кога градот Скопје се бави со проблемите на аерозагадувањето кое го стави на листа на најзагадените градови на светската листа; како стратешка мерка која системски делува на причините од таквото загадување.

Оттаму, според Димов, проектот „Cool Heating“ го доживуваме како следен исчекор во тој правец, каде освен поединечните објекти ќе направиме топлинска мрежа на една нова урбана населба од 10.000 жители која ќе се грее и лади на ваков систем од топлински пумпи. Ова ќе биде прв ваков пример во Република Македонија на мрежа со вакви размери и пример за останатите Општини.




Владимир Кировски, нагласи дека Општината активно партиципира во развој на овие модели и системи кои се своевиден „проект на иднината“. Кировски исто така потенцираше дека Општина Карпош во иднина ќе ги користи обновливите извори на енергија како енергенс во институциите на локалната самоуправа кои се под нејзина надлежност, односно во основните училишта и во детските градинки.

Со ова Карпош е општина - пионер во областа на создавање алтернативни, обновливи и ефикасни извори на енергија, со кои не се загадува животната средина и околина , особено што во последните години, во зимските месеци, и Општина Карпош, како и останатите општини во Градот Скопје и низ Република Македонија се соочуваат со екстремно аерозагадување.

Со свои предавања на оваа, една од најактуелните теми од аспект на заштитата на животната средина на национална конференција учествуваа и професорот Невен Дуиќ од Универзитетот од Загреб, Хрватска, Владимир Ѓоргиевски од SDEWES - Skopje, Илија Насов од Plasma/Camel Solar, Марјан Бојчевски од Rehau, како и Павлина Здравева претставничката од UNDP, Александар Growдинец и Верица Тасеска – Ѓоргиевска од од Македонската академија на науките и уметностите.

**Благојче Атанасоски**







# ЕКО - **СЕМКАРОТ** ОД КАРПОШ 4

Во околината на Карпош 4, малку пред мостот за влез во населбата Влае, во портокалова трафика пред автобуската постојка работи **Рефет Елмас**. А кој е Рафет Елмас? Па тој е еден од најпознатите „семкари" во Карпош, ако не и во градот. Навидум ист како и другите продавачи на сончоглед, семки, леблебија, ф´стаци и сите „прехранбени зезалици", но карпошани го паметат и знаат и по некои други посебности, со кои, ретко кој може да се пофали. Велат: тој е нашиот „екофрендли семкар",пример за „домаќинлук" и професионалност. Скромен, работлив и педантен.

Доколку патот почесто ве води во овој дел од Скопје, неможе а да не го познавате овој човек кој со години го работи истиот бизнис. Можеби заради вкусната зрнеста храна која ја продава, а можеби и заради неговата посветеност на екологијата и хигиената. Тој, можеби и не ги знае новите трендови, термините како екологија, заштита на животна средина но, верувајте, знае да ги практикува повеќе од било кој. Е по тоа се разликува, по тоа е оригинален.

Рефет е исклучително насмеан и добар човек кој ќе ве пречека со љубов и почит. Тимот на ПР службата од Општина Карпош беше накратко на гости кај него, а оттаму произлезе еден топол и искрен разговор.

Го прашавме Рефет колку години го работи овој бизнис, и како успева постојано со љубов да ги пречекува сите муштерии...?

- Откако го завршив моето основно образование му се придружив на мојот татко и му помагав околу работата. На оваа локација сме веќе 30 години и се надевам дека во иднина нема да има потреба да го променам работното место. Се навикнав на овие луѓе, а и тие на мене. Инаку доаѓам од Општина Бутел, но во Општина Карпош и тука каде што работам, се чуствувам како да сум дел од оваа Општина, како да сум жител на Карпош 4 или пак Нерези, бидејќи е блиску – раскажа Рефет.

Тој вели дека заработувачката не е лесна, но не е човек кој што се жали. Напротив, тоа што веќе 30-та година на овој начин живее и храни фамилија, од оваа плата која успева да ја спечали, сепак му дава некаква сигурност. Најверојатно оттука му доаѓаат и љубезноста и спокојството во секојдневното работење.

- Токму така, работиме за да живееме, па така и јас. Со љубов ја работам оваа работа и верувајте ми дека воопшто не ми е тешко ниту еден ден. Оваа трафика е отворена секој ден од 7:30 до 23 часот, а најмногу работа има во летните и топли денови кога и луѓето почесто излегуваат од своите домови и шетаат. Зрнестата храна е најпродавана бидејќи по тоа сме и познати, иако имам и други производи кои исто така се купуваат – со насмевка вели Рафет, прекинувајќи го накратко разговорот бидејќи веќе го чекаше долга редица муштерии.

По малата пауза, чекајќи го Рефет да ги услужи купувачите, го прашавме која му е целта што секое утре пред да ја отвори трафиката делот пред и зад истата, го чисти и го одржува. Кај него секогаш „свети" од чистота.

-Мислам дека сите треба тоа да го правиме и тоа го работам од срце. Чистотата е пред сé, каде што работиш, мислам дека треба да е чисто и да се одржува. Посебно што тука работам со храна, со луѓе. Да може сите така да функционираме би имале навистина чист град. Секое утро веќе 30 година го чистам делот пред и зад мојата трафика, со метла и со вода, зиме - лето. И тоа го правам од љубов, не зошто некој ме тера, секоја работа треба да се сака и да се почитува зошто од работата живееме – вели нашиот семкар.

Овој краток но мудар разговор, не замисли колку еден човек може да си ја сака работата и да го прави она што можеби не е само негов дел од обврските. Огледувајќи се на овој урбан лик, се надеваме дека во понатамошниот период и други наши сограѓани во Општина Карпош, дополнително, со самоволното залагање, ќе биде чест и пример за секоја Општина во Македонија.

**Мила Гавриловска**







Карпош на европската енергетска сцена

# ПРОДОР НА ПАЗАРОТ НА **ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА** ЗА ГРЕЕЊЕ И ЛАДЕЊЕ

Крајот на ноември, годинава помина во знакот на настојувањето на Европската Унија да го поттикне продорот на пазарот на обновливите извори на енергија за греење и ладење во земјите од Европа. За таа цел, Европската комисија ја објави својата стратешка долгорочна визија за просперитетна, модерна, конкурентна и климатски неутрална економија до 2050 година.

По тој повод, на 28 ноември во конференцискиот центар Манос во Брисел (Белгија), се одржа заедничката завршна меѓународна конференција на тригодишните проекти BioVill (**http://www.biovill.eu/**) и CoolHeating (**http://www.coolheating.eu**), финансирани од Програмата на Европската Унија за истражување и иновации - Хоризон 2020, со цел да го поддржат формирањето на биоенергетски села и мали модуларни мрежи за греење и ладење засновани на обновливи извори на енергија во Југоисточна Европа.

Македонскиот партнер во двата проекта, SDEWES-Skopje, е Општина Карпош, како целна заедница во проектот CoolHeating, заедно со уште неколку претставници од Општина Кичево, како целна заедница во проектот BioVill, и Општина Чашка, како заедница - следбеник, кои успешно ги претставија развиените концепти засновани на обновливи извори на енергија за биоенергетска заедница во Кичево и за мала модуларна мрежа за централно греење и ладење во Карпош.

Концептите наидоа на одобрување и пофалба од учесниците на конференцијата, со желба истите целосно да се реализираат во блиска иднина.

Повеќе од осумдесет учесници, меѓу кои, претставници на Европската комисија, на национални и меѓународни партнерски организации, компании кои се занимаваат со обновливи извори на енергија и со инвестиции во централно греење и ладење, како и проектните конзорциуми, добија одлична можност да се сретнат со експерти за обновливи извори на енергија. Во работна атмосфера, стручните лица разговараа со можните инвеститори за резултатите од проектите и за напредокот во спроведувањето на обновливите биоенергетски села и одржливите системи за централно греење и ладење во Европа.

Во рамки на конференцијата, се оствариja нови контакти и беа промовирани нови деловни можности. Исто така, учесниците добија увид во начинот на кој двата проекта на Европската Унија придонесуваат во забрзувањето на енергетската транзиција кон чиста енергија во Југоисточна Европа. Така, проектот BioVill ја доведе имплементацијата на пристапот на биоенергетско село до инвестициска фаза во седум села и заедници во партнерските земји. И проектот CoolHeating успеа да иницира пет мали мрежи за централно греење и ладење во своите целни заедници.

На настанот беше акцентирана улогата на градовите, општините и локалните заедници во процесите на енергетска транзиција...

Освен тоа, беше поткрепена соработката помеѓу јавниот и приватниот сектор, беа разгледани главните резултати од проектите и беа презентирани примери на најдобри практики, како и иновативни синџири на вредности за одржливо користење на обновливите извори на енергија во локалните мрежи за централно греење и ладење.

Дополнително, беше поздравена идејата за заедничка организација на завршната конференција на двата проекта. Размената на идеи меѓу претставниците на локалните власти и комуналните претпријатија, националните и регионалните носители на одлуки и истражувачката заедница, го отвори патот кон проширување на мрежата во рамките на заедницата која се залага за користењето на обновливите извори на енергија за греење и ладење. Сите партнери на проектите BioVill и CoolHeating истакнаа дека ќе продолжат да работат посветено и натаму ќе ги применуваат пристапите засновани на обновливи извори на енергија во Југоисточна Европа.

**Дипл. инг. Љупчо Димов**

# **ОБНОВЕН Е ДРВОРЕДОТ** ДОЛЖ ***РУЗВЕЛТОВА*** ВО КАРПОШ

Целосно се обновува дрворедот долж улицата Рузвелтова од страната на Општина Карпош, при што Град Скопје и ЈП Паркови и зеленило засадија нови, висококвалитетни дрвја од видот костен, автентични на останатите од истиот дрворед.

Заедно со Градот, во изминатиот период се обновија и дрворедите долж градските улици: бул. 8 Септември, бул. Партизански одреди и ул. Бледски договор.

Портпаролот на Град Скопје, Ваљон Салиу напомена дека ќе бидат засадени 3.500 висококвалитетни садници на повеќе локации низ градот, со цел да се надомести изгубеното зеленило уништено од доскорешната прекумерна урбанизација на повеќе локации низ Градот.

Локалната самоуправа ќе продолжи и со самостојни акции за зголемување на зеленилото, а неодамна се отвори и новиот урбан сквер – парк во Карпош, на потегот меѓу Тафталиџе 2 и Нерези.





# **НОВИ ДРВЈА** ЗА ПОЧИСТ ВОЗДУХ ВО КАРПОШ

Општина Карпош ја реализираше завршната фаза од големата еколошка акција во чии рамки беа засадени околу 200 нови дрвја. По тој повод, локалната самоуправа го збогати дрвниот фонд на своја територија со повеќегодишни квалитетни израснати дрвја од типот јасен, јавор, багрем, липа, како и зимзелена туја и украсни повеќегодишни грмушкасти растенија од типот лаванда.

Општина Карпош годинава презеде повеќе еколошки иницијативи со цел, облагородување на меѓублоковското зеленило околу колективните станбени објекти, како една од превентивните мерки во борба против загадувањето и одржувањето на здравата животна средина.

Почнувајќи од плоштадот Делфина во населбата Влае, општинските служби го обновија зеленилото на повеќе локации во населбите Тафталиџе 1 и 2, во Карпош 3 и 4, а нови дрвја беа наседени и околу Млечниот ресторан во У.З. Владо Тасевски, околу плоштадот кај Педагошкиот факултет и на плоштадот во Бардовци.

# **ЗАТВОРЕНА Е ДИВАТА ДЕПОНИЈА** КАЈ МОСТОТ ***ГАЗЕЛА***





Општина Карпош ја затвори дивата депонија (сметлиште) долж Кејот на реката Вардар, кај мостот Газела.

При теренската посета, градоначалникот Стефан Богоев посочи дека најстрого ќе биде санкционирано фрлањето и палењето на отпад и за таа цел Општината заедно со Државниот инспекторат за животна средина и полициските службеници, ќе продолжат со засилени контроли.

- Во претстојниот период ќе ги затвориме и дивите депонии кај хотелот Александар Палас и спортскиот центар Борис Трајковски.

Уште еднаш апелирам, да не се фрла отпади и да не се палат огнови на отворено, во спротивно, сите несовесни граѓани ќе бидат санкционирани, посочи Богоев.

Станува збор за дива депонија која со години беше место на кое се собираше габаритен отпад и шут, но, честопати, се палеа и огнови на отворено кои придонесуваат за дополнително загадување на амбиенталниот воздух.

Овој простор ќе биде дел и од новиот парк кој ќе започне да се изведува во 2019 година.

Примарната цел на општина Карпош е да се заштити животната средина и да се надомести изгубеното зеленило.



Разговор со **Билјана Костова** советник и претседател на Комисијата за еднакви можности на мажите и жените при Општина Карпош

# **СЕКСУАЛНОТО ЗДРАВЈЕ** Е ТАБУ ТЕМА КАЈ НАС

**Стручен тим од врвни експерти, професори и ентузијасти изработија еден значаен документ во рамки на „Форумот за родова еднаквост“ кој го организираше Фондацијата „Фридрих Еберт“ – Канцеларија Скопје. Во тој тим беше и нашата советничка, професорка во СГУ „Никола карев“ Билјана Костова која без „пардон“ за КарпошИн ја отвори темата за сексуалното и репродуктивно здравје, поточно за Севкупното Сексуално Образование (ССО).**

– **Д**осега на тема ССО само невладината ХЕРА држеше едукативни работилници, ни образложи Костова. Тоа го правеше со веќе многу добро подготвен прирачник што го користат, кој е преиздаден, со нови податоци и препораки. Тие вршат едукации во одреден број училишта бидејќи во некои училишта вратите им беа затворени, не знам од кои причини. Таму каде што ХЕРА држеше едукација за сексуално и репродуктивно здравје, анкетите покажаа дека учениците веќе знаат што е репродуктивно здравје, што е контрацепција, како да се заштитат, кои се сексуално преносливи болести, како натаму да се заштитат. Во централните училишта во градот, учениците се колку-толку запознаени, но, како одиме кон периферијата, сé помалку се знае што е репродуктивно, што е сексуално здравје, што е контрацепција. Многу малку од средношколците биле на гинеколог се срамат да одат... тоа се теми кои треба да ги разбудиме кај нив и нивните родители.

- Ако не им ги приложиме сознанијата и на младите и на возрасните, тешко дека ќе ги почнат првите чекори. Одиме постапно: прво мораме да ја запознаеме јавноста дека се повеќе младите луѓе заболуваат од сексуално преносливи болести. Тоа е основната поента на нашиот документ; дека натаму, ако тие болести не се излечат, доведуваат до други последици, меѓу кои најстрашните се смртноста кај новороденчињата или на фетусот, предвремени абортуси и сл. За да не доаѓаме до се поголема стапка на смртност кај доенчињата, тој проблем мораме да го решиме од корен, а коренот е, ако учениците од средното образование, дури и порано, во повисоките кла-

сови на основните училишта, ги подготвиме да се грижат за своето здравје, пред се репродуктивното, кое води кон создавање на идни здрави генерации.

Затоа, прво можеме да се придружиме на едукациите што ги прави ХЕРА и другите НВО-а. Посебно што ХЕРА прави едукации на ниво на врснички едукациии. Тие постојано имаат повици за млади кои се заинтересирани да вршат такви едукации преку работилници, бидејќи младите најмногу се „отвораат“ кога зборуваат со млади, со свои врсници. Но, и тоа не е трајно решавање на проблемот, бидејќи во тој случај, ќе бидат опфатени многу мал број млади луѓе. Можеме да направиме договор со ХЕРА, градот Скопје да финансира во сите средни училишта да ги држи тие работилници, но колку може ХЕРА тоа да го издржи и материјално и кадровски? Речиси е невозможно. Затоа треба ССО да го вметнеме во програмите како изборен предмет за што поголем број на ученици или тинејџери се заинтригираат за темата. Изборниот предмет ќе ги опфати сите ученици во државата во втора година, со тоа што пак нема да го слушаат сите, туку само оние коишто се заинтересирани. Недостаток на оваа опција е што нема повторно предметот да го слушаат сите ученици. Доколку се оди по прирачникот на ХЕРА, предметот кои може да се вклопи веднаш, веќе од второто полугодие, или ако МОН и Бирото за развој одлучат, тоа да се стави како задолжителна програма во проектните активности од наредната учебна година.

Како проектна активност за него има простор во делот „Култура на здраво живеење“, при што овие предмети треба да ги водат професори по биологија. Потоа може да оди во „Мир, толеранција и заштита“, оној дел којшто го водиме како заштита при сексуалните односи и разбивање на сите стереотипи околу одењето и одбирањето на свој матичен гинеколог, разговари со него, со родителот...

Сепак инсистираме на крајната опција, да имаме редовен предмет во средните училишта кој ќе влезе во наставната програма со 35 часа. Имам сознанија дека во Бирото за развој на образованието веќе има формирано комисија која работи на ова, која би довела до изработка на учебник за ССО и во гимназиското и во стручното образование. Дотогаш, многу е важно родителите да се запознаат со тоа дека нивното дете може да избере предмет ССО.

- Во Карпош, вели нашата советничка Билјана Костова, има пет средни училишта кои ги тангира оваа проблематика, но, искрено призна дека не е задоволна колку се работи на овој проблем. Анкетите говорат дека младите луѓе имаат многу малку познавања од основни теми кои треба да бидат нормални за нив. Само 57% одговориле дека слушнале за репродуктивно здравје, што е малку. Во ГУЦ има најмногу 62%, но, и тоа е недоволно. Значи треба да ги „инфицираме“ самите да почнат да се интересираат, а возрасните да им помогнат во тоа. Имаме сериозен проблем затоа што тоа е се уште „табу тема“! Мислам дека родителите дома не разговараат со децата на оваа тема, па затоа децата бараат одговори на интернет, во меѓусебните разговори, па често добиваат погрешни информации, а грешките некогаш водат до катастрофални последици. На пример, се почест е бројот на нелегални абортуси кои се прават во приватни ординации, а најголем број се малолетни лица. Тоа се наши деца и не можеме да затвориме очи пред тој проблем, посебно што знаеме што сé може да предизвика абортусот кај младо девојче: стерилитет, да роди дете со различни видови попречености и сето тоа од незнаење како да се грижат за своето здравје.

Ја прашавме Костова колку младите разговараат на оваа тема со наставниот кадар со своите професори, класни раководители? - Речиси воопшто не разговараат, вели таа. Јас самата, за една колумна за средношколскиот весник „Медиум“, направив истражување од кое сознав дека ние гледаме само да ги предадеме своите наставни единици, а не водиме сметка како тие деца се чувствуваат, какви проблеми имаат, ретко кој разговара за нивните приватни проблеми. Од тие разговори дознав дека неколку ученички имале нелегални абортуси, една од нив била на работ на смртта, дека потоа имала и други проблеми во животот, а немала кому да се обрати. Сетоа тоа ми даде знак дека на оваа тема мора да се работи час поскоро.

Картите мора да ги отвориме: Децата растат и ќе пораснат, а кога ќе се соочат со тој свет на застра-

**Виолета Цветковска**

Разговор со **Елена Антониевиќ**,
советник во Општина Карпош:

# ПРЕВЕНЦИЈАТА - НАЈЕФИКАСЕН *ЛЕК* ЗА БУЛИНГОТ!




Жените советнички од општините од Град Скопје, како директни креатори на политиките на локално ниво, годинава, на третиот по ред „Форум за родова еднаквост“ кој го организира Фондацијата „Фридрих Еберт“-Канцеларија Скопје, по дузина стручни косултации и практични сознанија издвоија две приоритетни теми кои би влегле во инклузивна платформа за развој и промоција на јавни политики во сферата на родовата еднаквост на локално ниво. Тоа се: Врсничкото насилство во основните училишта во Скопје  и Едукација за сексуалното и репродуктивното здравје во средните училишта во град Скопје.

Двете советнички од Општина Карпош Елена Антониевиќ и Билјана Костова, која е и претседател на Комисијата за еднаквост меѓу мажите и жените при Општина Карпош, на Форумот имаа свои посебни експозеа на овие две теми. Тоа беше повод за разговор со нив на двете различни области и за тоа кои се нивните ставови како тие треба да се имплементираат новите вредности на социјалната демократија на локално ниво, токму по овие две прашања.

Според една од дефинициите во психологијата: „Врсничкото насилство, во стручната меѓународна литература познато под името **Bullying**, претставува употреба на сила, закана или намера за злоупотреба или агресивна доминација над другите. Ова однесување најчесто се повторува и претставува дополнителен стрес за оној/онаа кој/која е предмет на малтретирањето. Суштински предуслов претставува перцепцијата од страна на насилникот и останатите, за социјалната или физичката нееднаквост, која го разликува булингот од конфликтот.“ Притоа треба да се спомене дека најчесто се препознаваат четири видови врснички насилства и тоа вербално, упатување и изјавување на непристојни коментари во форма на: подбивање, навредување, потсмевање, закани; социјално, постапки со цел да се наруши нечија репутација и релации со останатите врсници: игнорирање, исклучување од група, пласирање на дезинформации и гласини, навредување и омаловажување пред останатите врсници; физичко:(нанесување физички повреди, влечење за коса, туркање, удирање, како и уништување или земање на лични предмети; кибербулинг, насилство во Интернет просторот, најчесто на социјалните мрежи преку споделување на негативни и непријатни или, пак, лични содржини со цел да се предизвика омаловажување. Овој последен вид насилство е покарактеристичен за учениците во средните, отколку во основните училишта.

Каква е состојбата во нашите училиште со оваа негативна појава?

Нашата советничка од Општина Карпош **Елена Антониевиќ**, беше дел од тимот кој работеше на едно пообемно истражување за булингот во основните и средните училишта во градот, (активно учествуваа 33), во кое, покрај другите, беа опфатени и сите основни училишта во Карпош. Тоа беше иницирано од Форумот за родова еднаквост 2018, преку анкетирање на стручните служби во основните училишта на територијата на град Скопје, како најрелевантни за препознавање и справување со овој проблем.

Според Антониевиќ, станува збор за исклучително сериозен општествен проблем, вистинска закана, посебно што сме сведоци дека ваквиот вид насилство е се почеста вест во медиумите.
- Според сознанијата што ги добивме од одговорените прашалници, а кои напати беа многу изненадувачки, но, и подеднакво полезни за нас, вели таа, во креирањето на препораки за справување со врсничкото насилство од било кој вид, увидовме дека станува збор за комплексен проблем во кои има многу инволвирани страни кои мораат да излезат во пресрет за справување со проблемот и да се во постојана интеракција.

Нашата советничка тврди дека ние, како држава, сме поткрепени со законска регулатива. Некогаш доволно е да се примени Законот за заштита на децата, но сепак, нужен е и дополнителен ангажман и од други чинители во справување со овој проблем. Се разбира, на почетокот и на крајот на „синџирот“ се наставникот и родителот, како први кои го детектираат проблемот со булингот, но, никако не смее да се занемари улогата на стручните служби (педагози, психолози, дефектолози н.з.), вели Антониевиќ, а потоа и другите алки во синџирот, социјалните служби и сл.

Од сите случаи, учениците според нивните демографски/социјални белези биле: машки – 282, женски – 86, Македонци – 253, Албанци – 32, Роми – 35, деца со посебни потреби – 10.

А за тоа кои се причините за насилството меѓу учениците според мислењето на испитаниците може да се забележи дека на убедливо прво место е достапноста на содржини со насилство на ТВ и Интернет, потоа одреден вид на маргинализираност (на семејството, личноста или во одделението), семејното насилство, социјално-економскиот статус, и како последно, училишниот успех.

Интересен е и одговорот на прашањето: Дали училиштето води формална евиденција за бројот на случаи на врсничко насилство? - Да 83%, Не 17%.

Тоа е добар процент, но, згора на тоа, оние кои водат евиденција за ваквото насилство, во над 93% од случаевите процесот го следат до крај, што е добар показател, како што е утешен и трендот дека врсничкото насилство сепак е во опаѓање.

Како посебни моменти би го издвоиле и високиот степен на свесност и подготвеност за справување со проблемот кај стручниот кадар, како што вели Антониевиќ, што произлегува од одговорот на прашањето: „Дали ви треба доедукација - 81% одговориле со „да“ а 19% -„не“. Но, одговорот пак за тоа: дали другите државни институции се вклучени во овој сеопшт проблем, сепак, не е толку задоволувачки, односно дури 40% од стручните служби мислат дека им треба дополнителна поддршка од нив.

Она што на крајот останува да се заклучи е дека превенцијата на врсничкото насилство, правовременото детектирање од страна на наставниците кои најнепосредно работат и се во контакт со децата, а најголем ефект во решавање на проблемот со ваквото однесување, сепак дава советувањето со родителите, но и советувањето со самиот ученик.

**Виолета Цветковска**



# „ТОШЕ ПРОЕСКИ-2019”

ОД 18-20 ЈАНУАРИ 2019

10

МЕМОРИЈАЛЕН МЕЃУНАРОДЕН ТУРНИР ВО МАЛ ФУДБАЛ

Тоше Проески, нашата музичка легенда, беше и остана симбол на љубов и поврзување.

Уште во самиот старт асоцијацијата на поврзување на овие три општини е препознатлива: Крушево местото на раѓање на нашата најголема музичка легенда, Нова Градишка, местото на неговиот трагичен крај, и Карпош, неговата последна адреса на живеење.

Во негова чест ќе се организира 10-тиот по ред меморијален фудбалски турнир ***Тоше Проески***, кој овој пат ќе има меѓународен карактер и ќе се одржи од 18-20 јануари во СЦ „Форца“, Општина Карпош. Турнирот ќе го отвори градоначалникот на Карпош, Стефан Богоев. На него ќе учествуваат фудбалски тимови од Општина Карпош, Општина Крушево, Општина Нова Градишка, Албанија и Грција.









# СПОРТ И ДРУЖЕЊЕ СО **СПЕЦИЈАЛНИТЕ ОЛИМПИЈЦИ** НА МАКЕДОНИЈА

Градоначалникот на Општина Карпош Стефан Богоев учествуваше на спортски настан заедно со спортистите од Специјалната Олимпијада на Македонија, а во организација на Младински сојуз - Крушево.

Во спортскиот центар Борис Трајковски, во Карпош, учесниците се натпреваруваа во пинг-понг и бадминтон, а примарната цел е да се оствари поголема вклученост на лицата со попреченост во општеството и локалната заедница.

Спортскиот настан е дел од проектот „Спорт за општествена акција“, поддржан од Еразмус+ програмата.

- Бадминтонот не ми е силна страна. Се одлучив да играм пинг-понг и ова саботно попладне да го поминам со спортистите од Специјалната Олимпијада, но и со претставниците од младинските организации, со кои и јас и локалната самоуправа имаме добра и успешна соработка, изјави во оваа пригода Богоев.

Општина Карпош ќе продолжи да ги поддржува акциите кои овозможуваат поголема инклузија на лицата со посебни потреби.

**Димитар Караташев**



# **ПРВАТА РАГБИ ПРЕСМЕТКА** ВО МАКЕДОНИЈА СЕ СЛУЧИ ВО КАРПОШ



На фудбалското игралиште на ФК Локомотива, кој се наоѓа на територијата на Општина Карпош, се одигра првиот рагби натпревар во Република Македонија. Екипите на ***Skopje Wild Boars Rugby Club*** и ***Bers Rugby Football Club***, одиграа еден возбудлив и интересен натпревар на кој присуствуваше и градоначалникот на Општина Карпош Стефан Богоев.

Локалната самоуправа и во иднина ќе го поддржува развојот на овој спорт, и неговата популаризација во Карпош.





# **ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ** ЕСЕНСКИ ПРВАК ВО ФУДБАЛ

Војдан Чернодрински е есенски првак во училишните спортски лиги во фудбал. Основците од ова училиште, по одиграните возбудливи натпревари, завршија на првото место, додека ООУ „Владо Тасевски“ е втор на табелата. Третопласирани во фудбалската лига се учениците од ООУ „Лазо Трповски“.

---

# **ВЛАДО ТАСЕВСКИ** НАЈДОБРИ ***ЕСЕНСКИ*** КОШАРКАРИ



Кошаркарите од ООУ „Владо Тасевски“ се прваци во есенскиот дел на табелата во училишните спортски лиги, додека основците од ООУ „Јан Амос-Коменски“, се второпласирани на есенското рангирање. Нивните врсници од ООУ „Димо Хаџи–Димов“ ја заземаа третата позиција во ова спортско натпреварување.





# **ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ** НА ЕСЕНСКИОТ ТРОН ВО ОДБОЈКА

Најдобри обдојкарки за есенскиот натпреварувачки дел се учениците од ООУ „Војдан Чернодрински“. Според израмнетите освоени бодови, по завршувањето на полусезоната, на делба на втората позиција се основците од „Петар Поп Арсов“ и „Јан Амос-Коменски“.





# РАКОМЕТАРИТЕ ОД **ООУ ПЕТАР ПОП АРСОВ** ПОБЕДНИЦИ ВО ЕСЕНСКИОТ ДЕЛ

Најдобра ракометна екипа во есенскиот дел од шампионатот во училишните спортски лиги е екипата од ООУ „Петар Поп Арсов“. Во ракометното првенство, на втората позиција во есенскиот дел, според освоени бодови се ракометарите од ООУ „Владо Тасевски“, додека третопласирани се основците од училиштето „Војдан Чернодрински“.




# ЗИМСКАТА ИДИЛА
## НА РЕВИЈА

Во срцето на Т.Ц. „Лептокарија", ребрендираниот lounge bar ***Ревија*** е одлично место за пријатна дружба и нуди извонредна зимска атмосфера во студените денови. Префинетиот ентериер, надополнет со каминот, е примамлива глетка и амбиент за сите кои сакаат да седнат на пијачка, без разлика дали е тоа топол чај, цеден сок, смути, многубројните коктели или пак жесток алкохолен пијалок.

Гостите ,пак, кои се проверени гурмани и сакаат вкусна храна, посебно се добредојдени во ***Ревија***. Омлетите, печените лепчиња, јајцата на око со сланина, се одлична понуда за појадок. Богатите и разновидни пици, сендвичи, разните видови на рижота, главните јадења кои се состојат од комбинирано свинско со компири, или пилешко со компири, се на менито за попладневните гости.

Во вечерните часови, големиот избор на салати, мезиња и врапови (бурита) се извонреден избор за вечерна закуска.

Овој популарен ресторан е познат и подалеку од границите на Карпош, а секако претставува неизбежна дестинација за карпошани, посебно сладокусците и познавачите на добри и проверени lounge bar-ови низ градот. За да се заокружи еден добар оброк или пијачка, во Ревија може да се засладите со „топло-ладно", палачинки, или други видови на колачи. Љубезноста на персоналот е исто така дополнителна причина да бидете чест гостин во овој урбан локал во текот на зимските месеци.

**Благојче Атанасоски**









# **ЏАКОМО**
# ПРВЕНЦИ ВО ЕКО - ДИСТРИБУЦИЈА НА ПИЦИ










На ул. Манапо, спроти Т.Ц. Сити Мол сместена на аголот во Белиот трговски (ТЦ Техника), се наоѓа добро познатата пицерија ***Џакомо***. Освен стандардните пици: Капричиоза, Наполитана, Кватро формаџи, Вегетаријана, Туна, во пица-барот Џакомо, можете да ги вкусите и специфичните Македонка, Анахаим, Бјанка и Посна.

Сопственикот на оваа пицерија Воислав Спанџов, ни раскажа дека оваа пицерија во Карпош функционира три години, а под истиот бренд, вакви пица-барови има во Општина Центар како и во Кавадарци. Новина за оваа пицерија, е што веќе од овој октомври, се врши достава со целосно електрични возила, кои се еколошки и не ја загадуваат животната средина и амбиенталниот воздух.

*На ова сме особено горди, бидејќи, како што знаеме, Скопје, и останатите градови во Македонија се соочуваат со енормно аерозагадување, па така, на овој начин, ние даваме мал придонес за заштита на животната средина, односно намалување на загадувањето, нагласи Спанџов.*

Пицеријата е опремена со седум возила и шест скутери, целосно еколошки, за кои Воислав вложил сопствени 53.000 евра инвестиција, и дополнителни 19.000 евра, средства обезбедени од Фондот за иновации, токму за оваа намена.

Достава се врши од Т.Ц СП Планет во Ѓорче Петров до Дебар Маало. Освен вкусните пици, карпошани во Џакомо може да вкусат и од одличните сендвичи: Романо, Милано, Џеновезе, Венето, како и Калабрезе.

**Благојче Атанасоски**








Интервју со
**Златното перо на Карпош**,
младата поетеса Дијана Дурлевиќ

# РАЗГОВАРАМ СО СЕНКИТЕ И ГИ ПОСАКУВАМ ЅВЕЗДИТЕ

Карпош Ве памети како **Златното перо** тој епитет?

- Се започна со литературниот конкурс по повод прославата на роденденот на Општина Карпош, 3-ти ноември 2013 год. Имено, на конкурсот со мојата поема "Заедничка игра" ја освоив првата награда и бев прогласена за "Златното перо" на Карпош. Исто така освоив и втора награда како автор и драматург на монодрамата "На гости - дома".

**Оттогаш почнува вашата поетска епопеја или патот на успехот. Што се случуваше во меѓувреме на поетски план?**

- Да, точно, сето тоа како да беше светилник кој ми го трасираше патот во поезијата, во творештвото, во актерската игра, кои до тогаш ги носев во себе притаени меѓу листовите хартија и детските соништа.

**Од време навреме бевме сведоци дека се нижат поетски изданија, збирка песни...**

- На републичко ниво имам освоено многу први награди и ГРАН ПРИ награди, а темите на конкурсите се секако родољубиви или пак го третираат животот и делото на автори и луѓе значајни за творештвото. Исто така, мојата поезија е застапена во шест едиции како што се зборникот "Света песна", "Проста и строга македонска песна" издаден од друштвото на македонски писатели, "Љубовен светилник" во кој има и автори од соседна Бугарија и зборникот "Микрофон дечје царства" издаден во Република Српска од страна на тамошното друштво на писатели. Да не заборавам да ги напоменам и моите шест збирки поезија "Невидлив свет" и "Молитва" издадени во 2015 година, "Излеани чувства" и "Пристап до тишината" издадени во 2016 година, "Страст од мртво шепотење" и "Родољубив споменар" издадени во 2017 год.

**Учествувавте и на многу поетски настани, читања, какви искуства понесовте оттаму?**

- Да, учествувам на многу поетски настани и како најмлада меѓу нив се чувствувам почестено, а секоја средба и дружење ми носи богато искуство.

**Но, младата тринаесетгодишна „сонувалка“ ја паметиме и како надежна актерка... дали се уште сонувате и на тој план?**

- Актерството највеќе ме исполнува, особено ако го поткрепам со моја драма или Stand Up комедија.

Сонувам, но добро е кога соништата ќе се реализираат.

**Добитник сте и на награда за говорништво. Дали Дијана е подеднакво добар оратор како и поет?**

- На овогодинешниот МАССУМ ја освоив третата награда во категоријата Јавен говор, каде зборував за политиката и образованието. Се пронаоѓам и на двете полиња подеднакво.

**На прагот на полнолетството се отвораат портите за клучни одлуки за иднината, за натамошната творечка кариера.Кои се плановите на младата поетеса од Карпош?**

-Творештвото е тоа што ќе го негувам засекогаш. Во 2019 година ќе издадам уште една збирка поезија и ќе започнам со подготвување на мојот прв роман. Се сметам за многу амбициозна, но, и љубопитна личност, па во план ми е мојата поезија да ја претставам и преку музика. Сеуште размислувам на кое поле ќе зачекорам кога станува збор за кариерата, се уште барам компас во предизвиците на животот.

**Уште едно, би рекле, поинтимно прашање: Дали „сонувалката“ се уште разговара со сенките, со ѕвездите, од каде ја црпиш инспирацијата?**

- Да, "сонувалката" сонува, разговара со сенките и темнината и ги посакува ѕвездите. Со инспирацијата најчесто се среќаваме во ноќта... кога мислите се слободни... понекогаш нурнувам во минатото, а понекогаш пишувам за моменталната состојба или размислување. Всушност одговорот е во стиховите:




***Ќе се стопам во сите сенки,***
***ќе се завиткам во сите ветрови,***
***ќе ги премолчам сите тишини,***
***кога заспивам во лулката на чувствата***
***го пополнувам течението на празнината***
***со сите богови и божества.***
***Ќе ја развеам луната во ноќта***
***на која можам да и се доверам,***
***за да талкам како лилјак во неа,***
***за да стигнам до тебе.***

Мило ми е што се сеќавате на мене и искрено Ви благодарам што од самиот почеток сте моја поддршка.

**Виолета Цветковска**



# facebook

**Filip Marjanovic** Честитки за новиот објект. Само не разбирам, објектот во Тафталиџе 1 е во толку очајна состојба што сè друго освен рушење на објектот и изградба на комплетно нов ќе биде само една голема и непотребна импровизација. Дечињата заслужуваат да имаат нов објект.
Ми се допаѓа · Одговори · Порака · 1 седмици · Изменет 2

**Stefan Bogoev** Здраво Филип. И во денешната изјава, посочив дека еден од приоритетите за наредната година е реконструкција од корен на градинката „Мајски цвет“ во Тафталиџе 1. Се согласувам дека е потребна итна обнова. Остануваме во контакт. Поздрав и убава вечер, Стефан.

**Snezana Todorovska Smiljanovska** За колите супер, но тротоарите не се обновени, се гледа и на сликите. Коли сеуште паркирани, пешаците пак на улица небезбедни. Stefan Bogoev сеуште немаш дете па не може немаш ни претстава како е да поминеш по улицава со количка, а за инвалидизараните лица немам ни коментар. Друг пат кога пишуваш статус за фалење, нека не биде само подобро за колите, има луѓе што ги користат и нозете за превозно средство.
Ми се допаѓа · Одговори · Порака · 1 седмици 1

**Stefan Bogoev** Здраво Snezana Todorovska Smiljanovska . Нова пешачка патека има спроти Астера, која овозможува безбедно движење за пешаците и истата да биде ослободена од автомобили. Каде што има можност, ќе поставиме и столпчиња. Во овие моменти, со овие ресурси, ова беше максимумот што може да го направиме на оваа улица, која со децении беше руинирана. Благодарам на разбирањето и комуникацијата. Поздрав и убава вечер, Стефан.

**Ivanka Apostoloska** zosto nema kontenjeri posebni za plastika staklo i hartija, toa e normalno za zapad kaj nas nemaaa sramota
Ми се допаѓа · Одговори · Порака · 1 седмици 1

**Stefan Bogoev** Здраво Ivanka Apostoloska . На повеќе локации кај поголемите контејнери има и контејнери за пластика/стакло и сл. Истите се поставени во соработка со Пакомак, но некои се уништени. Во претстојната 2019, ќе се постават нови, подземни контејнери, со цел правилна селекција и управување со отпадот, но и поголема јавна хигиена. Поздрав и секое добро, Стефан.

# twitter

**Filip_Stepovic** · Dec 15

**Стефан Богоев**

Парк ќе се гради од вештачката карпа до бунарите на р.Вардар (како што ветив во кампања). Веќе е изграден еден маалски парк (сквер) на потегот меѓу Тафатлиџе 2 и Нерези.

11:51 AM - 15 Dec 2018

**yarre** · Dec 17

**Стефан Богоев**

Се разгледуваат повеќе начини. Затоа што операторите со чести прекопи над земја, ја уништуваат и инфраструктурата на Општината.

7:02 PM - 17 Dec 2018

**Др Арсланагиќ** · Dec 20

**Стефан Богоев**

Внимаваме на овие ситуации. А, за градинките и основните училишта родителите потпишуваат согласност.

Translate Tweet

3:58 PM - 20 Dec 2018

1 Retweet 4 Likes









Автор: Горазд Милевски

# #ГоФативмеСн





Автор: Џими Каратакис

# егот ВоКарпош



Автор: Олгица Станковска



Клиничка болница
**Аџибадем Систина**

# Што открива **стрес-тестот**?

Д-р Марјан Димитровски
**Интервентен кардиолог**

Исхемичните болести на срцето се најчеста причина за смртност во светски рамки. Најлесен и најефикасен метод за откривање и за проценка на овие болести е **коронарниот стрес-тест** вели д-р Марјан Димитровски, интервентен кардиолог во Клиничката болница „Аџибадем Систина“. Тој објаснува дека сè почесто се соочува со млади луѓе кај кои преку стрес-тестот е докажана исхемична коронарна болест без никакви симптоми.

На Одделот за кардиологија во Клиничка болница „Аџибадем Систина“ постои најсовремено опремен и екипиран кабинет за коронарен стрес-тест во кој работи високообучен тим кардиолози.

### Подготовка за стрес-тест

Целта на стрес-тестот е поставување дијагноза на новооткриени пациенти со коронарна болест или за проценка и прогноза кај пациенти со дијагноза на коронарна болест. Во основа на тестот е зголемување на потребата на срцевиот мускул за кислород при физичко оптоварување. Пациентот се информира дека 24 - 48 часа пред тестот треба да ги прекине следните лекови, доколку ги користи: бета-брокери, калциум-антагонисти, нитро препарати и дигоксин. 3 часа пред тестот да не зема храна, пијалаци, кафе и цигари. Потребно е да биде лесно облечен и во удобни чевли.

### Како се изведува?

Пациентот се поставува на движечка лента или на ерговелосипед со постепено зголемување на оптоварување од почетни 25w, за по 25w на секои 3 минути, кое се постигнува со зголемување брзина на лентата и нејзино поткревање. Пациентот е поврзан со ЕКГ за цело време следен на монитор, се врши и контрола на крвниот притисок во сите фази. Целта е да се зголеми срцевата фреквенција до субмаксимална вредност (85% од максималната фреквенција која зависи од пол, возраст и телесна тежина). По завршување на тестот, пациентот се следи уште 2-3 мин. по што се исклучува од ЕКГ мониторинг и се анализираат резултатите.

### Што покажуваат резултатите?

Најзначаен параметар кој се следи при анализа на тестот е ST сегментот од ЕКГ записот. Во специјален извештај на крајот каде се анализираат сите добиени резултати тестот може да биде проценет како позитивен-патолошки, граничен кој нема сигурни критериуми за позитивен и треба да се повтори за 1-2 месеци, негативен - нормален и недефиниран кога тестот заради краткотрајноста на оптоварувањето не може валидно да се интерпретира.

# Урбани заедници

**Карпош 1**
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Мирче Блажевски
02 | 30.68.754 и 078 | 48.69.29
m: karpos1@karpos.gov.mk
А: ул. Иван Аговски бр.2

**Карпош 2**
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Лидија Цацановска
02 | 30.71.246 и 078 | 48.69.55
m: karpos2@karpos.gov.mk
m: lidija.cacanovsa@karpos.gov.mk
А: ул. Бранислав Нишиќ бр.4

**Карпош 3**
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Весна Мирковска
078 | 48.60.59
m: karpos3@karpos.gov.mk
m: vesna.mirkovska@karpos.gov.mk
А: ул. Радика бр.9

**Карпош 4**
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Виолета Божиновска
072 | 26.80.52
m: karpos4@karpos.gov.mk
А: ул.Љубљанска бр.6

**Тафталиџе 1**
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Вера Пенова
072 | 20.96.85
m: taftalidze1@karpos.gov.mk
А: ул.Букурешка бр. 2

**Тафталиџе 2**
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Маја Петковска
078 | 48.69.19
m: taftalidze2@karpos.gov.mk
Одговорно лице:
Горан Велковски
078 | 48.69.28
А: ул.Копенхагенска бр.5
(простории на ЗЕЛС – сутерен)

**Влае 1**
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Ненад Зафировски
072 | 26.80.53
m: vlae1@karpos.gov.mk
А: ул. Фјодор Достоевски бр.2

**Влае 2**
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Витка Ацевска
070 | 72.50.82
Одговорно лице:
Жарко Јосифовски
072 | 26.80.56
m: vlae2@karpos.gov.mk
А: ул. Сливовска бр. 1

**Нерези**
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Сеад Мехмети
078 | 48.76.23
Одговорно лице:
Весна Антеска
078 | 48.69.22
m: nerezi@karpos.gov.mk
А: ул.Ванчо Мицков бр. 19

**Владо Тасевски**
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Елена Ѓурчилова
078 | 48.69.27
m: vladotasevski@karpos.gov.mk
А: ул. Дрезденска бр. 52

**Кузман Јосифовски Питу**
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Велика Стојановска
078 | 48.69.53
Одговорно лице:
Наташа Геровска
077 | 57.06.87
m: kjpitu@karpos.gov.mk
А: ул. Стрезово бр. 7

**Пецо Божиновски Кочо**
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Мирјана Милошевска
070 | 33.82.74
Одговорно лице:
Данче Стевиќ
078 | 22.62.96
m: pecobozinovski@karpos.gov.mk
А: ул. Стрезово бр. 7

**Злокуќани**
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Гаши Садри
078 | 48.69.23
Одговорно лице:
Васко Крстевски
077 | 80.76.16
m: zlokukjani@karpos.gov.mk
А: ул. Скупи бб.

**Бардовци**
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Маја Витанова Богојеска
071 | 45.52.99
m: bardovci@karpos.gov.mk
А: с.Бардовци

**Одделение за месна самоуправа**
Раководител:
Миле Стевков
070 | 23.57.90
m: mile.stevkov@karpos.gov.mk

| | |
|---|---|
| **Кабинет:** | 02 \| 30.55.901<br>02 \| 30.55.902 |
| **Претседател на Советот на Општина Карпош:** | 02 \| 30.55.913 |
| **Секретар на Општина Карпош:** | 02 \| 30.55.918 |
| **Сектор за правниработи:** | 02 \| 30.55.900 |
| **Сектор за дејности од јавен интерес:** | 02 \| 30.55.939 |
| **Сектор за односи со јавност:** | 02 \| 30.55.920 |
| **Сектор за развој на општината:** | 02 \| 30.68.151 |
| **Сектор инспекторат:** | 02 \| 30.55.931 |
| **Сектор за финансиски прашања:** | 02 \| 30.55.923 |
| **Архива:** | 02 \| 30.55.954 |
| **Сектор за урбанизам:** | 02 \| 30.55.900 |
| **Сектор за уредување на градежно земјиште и комунални работи:** | 072 \| 21.43.54 |
| **Сектор за екологија и енергетска ефикасност:** | 072 \| 273 986 |
| **Одделение за утврдување и наплата на даноци, такси и други надоместоци:** | 02 \| 3055 942 |
| **Одделение за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра:** | 02 \| 3067 055 |

gradonacalnik@karpos.gov.mk
sekretar@karpos.gov.mk
kontakt@karpos.gov.mk

**www.karpos.gov.mk**

**Поважни телефони**

| | |
|---|---|
| Полиција | 192 |
| Противпожарна бригада | 193 |
| Брза помош | 194 |
| Управување со кризи | 195 |
| АМСМ - помош на патишта | 196 |
| АМСМ - информативен центар | 155 55 |
| Авто помош на пат (24 ч.) | 9159 |
| Царина | 197 |
| Матична служба - ГУВР | 3117 037 |
| Сала за венчање | 3118 250 |

**ПТТ услуги**

| | |
|---|---|
| Будење | 180 |
| Точно време | 185 |
| Информации | 988 |
| Воена полиција | 3227 700 |
| Пазарен инспекторат | 975 |
| Водовод и канализација - дежурна служба | 3073 010 |
| Комунална хигиена - дежурен диспечер | 3224 961 |
| Оџаци - оџачарски услуги | 2440 293 |

**Сообраќај**

| | |
|---|---|
| Меѓуградска автобуска станица | 2466 313 |
| Македонија сообраќај | 2402 388 |
| Железничка станица | 3234 255 |
| Аеродром Скопје | 3148 333 |

**Дежурни аптеки**

| | |
|---|---|
| Зегин (МНТ-подрум) | 3117 614 |
| Реплек - аптека бр.4 | 3130 170 |

**Здравствени објекти**

| | |
|---|---|
| Клиничка болница | 3147 147 |
| Градска општа болница | 3235 000 |
| Болница 8 Септември | 3087 400 |
| Детска болница - Козле | 3085 761 |
| Неуромедика | 3130 000 |
| Клиника "Мајчин дом" | 3147 004 |
| Стоматолошки клинички центар | 3299 000 |
| Гинеколошко - акушерска клиника | 3147 147 |
| Гинекологија и акушерство - Чаир | 2611 033 |
| Аџибадем Систина | 3099 500 |

**Дежурни поликлиники**

| | |
|---|---|
| Букурешт | 3064 088 |
| Идадија | 3113 033 |
| Ѓорче Петров | 2031 022 |
| Јане Сандански | 2463 277 |
| Чаир | 2795 112 |
| Драчево | 2611 506 |
| Шуто Оризари | 2651 696 |
| Ченто | 2522 351 |
| Бит-Пазар | 3134 534 |
| Неуромедика | 3133 313 |

**Во новата 2019 година ви посакуваме многу здравје, семејна среќа и благосостојба, добри одлуки и успех на сите полиња.**

**Претстојните празнични денови минете ги со радост и во добро расположение со најблиските.**

**Среќна Нова 2019-та година**

**Ви посакува,**
**Вашата Општина Карпош**

**e-mail**
kontakt@karpos.gov.mk

**Facebook**
Општина Карпош

**Twitter**
@OpstinaKarpos

**Instagram**
@opstinakarpos